Бидејки површините за А2 -Домување во колективни станбени згради и Б2-големи трговски единици, што се утврдени со Регулацискиот план на Генералниот урбанистички план за градска четврт С06 се веќе вградени во предлогот на ДУП за градска четврт С06 Блок Соб Блок 08, не е можно нивно наголемување(проширување на предвидените или предвидување нови).Исто така ве информираме дека со предвидената намена Д1 -Парковско зеленило, Вашата парцела КП 1728/25 на која многу години имаше ископана голема дупка и на која сакавте да изградите објект со намена Б2-големи трговски единици, не ја реализиравте и на истата се фрлаше секаков отпад кој беше големо ругло за општината Шуто Оризари и Градот Скопје и енормно ја загадуваше животната средина!Истата не беше заштитена и во неа слободно секој фрлаше разен отпад и шут ,а Вие не презедовте никаква мерка за сето тоа да го спречите.Од тие причини, Општина Шуто Оризари, презема меки и со свои инвестиции, големата дупка ја затрпа со земја.Откако дупката беше затрпана , Вие без никаква дозвола и самоиницијативно повторно на тоа место поставивте субстандардни тезги, на место да го изградите предвидениот објект согласно сите законски одбренија и законски нормативи.На Вашата парцела со предлогот на новиот ДУП покрај овие забелешки, општината предвидува намена Д1-Паркови и зеленило и поради тоа што истата не е погодна за градба на градежни објекти, поради неповолната структура и носивост на земјиштето со нанесената земја ,и долги години беше депонија за секаков вид отпад, со што не се намалува вредноста на Вашата парцела.Ве информираме дека општина Шуто Оризари со предлогот на новиот ДУП, има намера да се изградат нови современи објекти , со законски урбанистички стандарди, и на вас ви е одредена површина за градење на објект со намена Б2-Големи трговски единици, согласно со ГУП.Воедно ве информираме дека после донесувањето на новиот ДУП, имате обврска да ја започнете постапката за изградба на таков објект, во чии рамки ќе организирате продажен простор. Општината има намера во иднина да ги одстрани, субстандардните и незаконско поставени тезги за продавање, како и продавањето на отворен простор на кој има постојано комунален смет и отпад , кои се ругло и срам за општината и Градот Скопје и кои енормно ја загадуваат животната средина.Општината Шуто Оизари со донесување на новите ДУП има намера да изгради современа урбанизирана општина согласно постоечките законски нормативи и да биде пристојно место за живеење.

**Забелешка 3**.

Забелешката под реден број 3 со која барате да се избрише една улица која е слепа, исто така се одбива како неоснована бидејки новопредвидената слепа улица овозможува пристап до сите постоечки и планирани градежни парцели во внатрешноста на локалитетот, меѓу која е и Вашата, бидејки спрема Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, пристап во градежна парцела, не се дозволува од улица што е дел од примарната сообраќајна мрежа.

**3.Анкетен лист бр.3** со арх.бр.10-290/10 од 19.03.2019 година, поднесен од група граѓани на **Општина Шуто Оризари**.

Согласно Вашите забелешки и приговорот за предлог на Деталниот урбанистички план-Градска

четврт Соб Блок С06.08 во Општина Шуто Оризари-Скопје, по Анкетен лист бр.3 со арх.бр.10-290/10 од 19.03.2019 година, Ве известуваме дека Вашите забелешки делумно се прифатени со предлогот на ДУП.